Коалиција Сите за правично судење

# АГЕНТ ПРОВОКАТОР

(Предмет “Поткуп”)

Декември, 2017

**Издавач:**
Коалиција Сите за правично судење

**Автор:**
Дарко Аврамовски, правен советник
Натали Петровска, адвокатка

**Дизајн:**
Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

**АГЕНТ ПРОВОКАТОР**

На 25.12.2018 во Апелациониот суд Скопје се одржа јавна седница во жалбена постапка по предметот „Поткуп“ каде како обвинет се јавува сегашниот премиер-Зоран Заев. Жалбата е вложена по донесено решение на ОС Скопје 1, со кое решение судот го одбива барањето на одбраната за издвојување на доказите кои се обезбедени со посебни истражни мерки, а воедно истите се и незаконски јавно објавени.

Одбраната, на оваа јавна седница ја образложи својата жалба со тоа што посочи дека наредбата издадена за снимање е заснована на член 252 ст.1 т.3 од Законот за кривичната постапка кој упатува на преземање на посебни истражни мерки, во случајов: ***„ тајно следење и снимање на лица и предмети со технички средства надвор од домот или деловен простор означен како приватен “***. Овде е битно да се напомене дека проблематичен е само по себе фактот што снимката која е предложена како доказ, всушност е направена во деловен простор (на тогашниот градоначалник во неговиот кабинет), а не е јасно зошто е тоа така ако се земе во предвид дека Чл.257 ст.1 алинеја 4 вели дека во наредбата со која се определува посебна истражна мерка треба да стои “обемот и местото на спроведување на мерките”. Па под претпоставка дека како локација е наведена службена просторија-кабинетот на градоначалникот, веднаш доаѓаме до заклучокот дека истата е спротивна на ЗКП.

Исто така, интересен за разгледување е и фактот на кој одбраната се повика, а тоа е тврдењето дека во списите на предметот недостасува наредба за „агент провокатор“, односно наредба за „симулирано давање и примање поткуп“ од член 252, став 1 т.8 од ЗКП. Ова е значајно од аспект на тоа дека однесувањето на лицето кое го вршело снимањето (оштетениот/сведок), според наводите на одбраната, упатува на прекршување на членот 254, ст. 1 од ЗКП, според кој: ***„Со преземањето на посебните истражни мерки од членот 252 став (1) на овој закон не смее да се поттикнува на извршување кривично дело“***. Одбраната тврди дека контактите биле постојано иницирани исклучиво од оштетениот/сведокот, кој истовремено превземал и други дејствија со кои го насочувал, односно наведувал обвинетиот на поттикнување на кривично дело. Во конкретниов случај, во отсуство на формално (со решение утврдено) постоење на “агент провокатор” кој би го симулирал давањето на поткупот, имаме само обично лице кое нуди поткуп на овде обвинетиот. А имајќи во предвид дека Чл. 358 од КЗ на РМ упатува на тоа дека ***“Тој што директно или индиректно на службено лице ќе му даде, вети или ќе му понуди подарок или друга корист за него или за друг за да изврши службено дејствие што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејствие што би морало да го изврши или тој што посредува при ова...”,*** од што се доаѓа до констатацијата дека за поткуп се одговара како за негово примање, така и за негово давање, не е во целост јасна поставеноста на овој обвинителен акт на евентуално само еден обвинет.

Одбраната во своите жалбени наводи понатаму ја образложи жалбата и со тврдењето дека истата не ја добила снимката која треба да се користи како доказ во овој предмет, а снимката воедно била и јавно објавена со што, не само што е загрозено правото на приватност на обвинетиот, туку и истата придонела за нарушување на пресумпцијата на невиност на обвинетиот, особено доколку се земе предвид атмосферата која е настаната по нејзиното јавно објавување.



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје

При усното излагање, ЈО се осврна во главно на фактот дека повредата на правото на приватност, како и јавното објавување на снимката претставуваат посебни кривични дела за кои е отпочната истражна постапка, а истите не претставуваат основ за издвојување на доказ во смисла на членот 12, ст. 2 од ЗКП: ***„ Доказите прибавени на незаконит начин или со кршење на слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија, законот и меѓународните договори, како и доказите произлезени од нив, не можат да се користат и врз нив не може да се заснова судската одлука“,*** бидејќи самиот доказ не е прибавен на незаконит начин. Меѓутоа, би упатиле на тоа дека со самиот факт што во решението отсуствува еден од можеби клучните фактори за прибавување на овој доказ- наредба за „агент провокатор“, односно наредба за „симулирано давање и примање поткуп“ од член 252, став 1 т.8 од ЗКП, ова решение односно оваа посебна истражна мерка ги прави непотполни односно спротивни на законот за кривична постапка (Чл.285 ст.5 од ЗКП), па оттука конкретно на овие добиени податоци и не би можело да се заснова самата судска одлука.



Коалиција Сите за правично судење
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје